# „Кажи: ‚О Аллаху, упати ме и дај ми исправност‘, и замисли го твоето упатство како упатство на патот а исправноста со правото движење на стрелата кон целта.“

Али, радијаллаху анху, пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ми рекол: „Кажи: ‚О Аллаху, упати ме и дај ми исправност‘, и замисли го твоето упатство како упатство на патот а исправноста со правото движење на стрелата кон целта.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му заповедал на Али ибн Ебу Талиб, радијаллаху анху, да Му се моли на Аллах и да бара од Него, со следните зборови: „О Аллаху, упати ме“, насочи ме и покажи ми го патот, „направи да бидам исправен“ и помогни ме да работам исправно, направи да бидам исправен во сите мои работи. „Худа“ – упатување, е да се знае вистината во детали и општо, и да се биде успешен во следењето на истата, надворешно и внатрешно. „Седад“ е: исправност во сите работи на правилен и вистинит начин, тој е исправниот пат во зборовите, делувањето и верувањето. Бидејќи духовното појасно се толкува преку опипливото; Сети се, додека ја кажуваш оваа дова, дека: (Упатство е: Твое упатство кон патот), па почуствувај го тоа во срцето додека бараш упатство како да е патоказ за патникот, бидејќи тој не скршнува од патот ни десно, ни лево; за да не се изгуби, така е посигурно и побрзо ќе дојде до својата цел. (А исправност е: како исправноста на стрелата) Значи, кога ќе ја насочиме стрелата, ја забележуваме брзината која таа ја достигнува и ја погаѓа целта. Кога стрелецот гаѓа, тој ја насочува стрелата кон целта, па така и ти барај го од Возвишениот Аллах тоа што го сакаш како да нишаниш со стрела; ќе бараш потполно упатство и потполна исправност. Имај го ова значење во своето срце, кога бараш исправност од Аллах, за твоите намери да бидат во согласност со начинот со кој гаѓаш со стрелата.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee